Железен пламен

Ребека Јарос

За сите зебри[1], како мене.
Не е сета сила физичка.

1 Луѓето со ретки здравствени состојби (како авторката), конкретно со синдромите Елерс-Данлос (EDS) и со нарушувањата од спектарот на хипермобилност (HSDs) често самите се нарекуваат „зебри" (zebras). „Зебра" е специфичен поим за ретка здравствена вродена состојба (Оваа и сите други забелешки во книгата се од преведувачката.)

СПАЛИ СѢ

Текстот кој следува, од наварски на современ јазик верно го пренесе Џесинија Нилворт, управителката на Квадрантот на писарите при Воениот колеџ *Басгијаш*. Сите настани се вистинити, а имињата се сочувани за да им се оддаде почит на паднатите за нивната храброст. Нека Малек им ги прими душите.


КОНТИНЕНТОТ
СМАРАГДНО МОРЕ
НАВАР
ПРОВИНЦИЈА ЛУСЕРАС
ПРОВИНЦИЈА МОРЕЈН
ПРОВИНЦИЈА ЕЛСУМ
ДОЛИНАТА
БАСТИЈАТ
ГРАД КАЛДИР
ПРОВИНЦИЈА КАЛДИР
ПРОВИНЦИЈА ДИКОНШИР
ПРОВИНЦИЈА ТИРЕНДОР
ЛЕВЕЛЕН
АРЕТИА
АТЕБАЈН
ДРАЛОРСКИ КАРПИ
ПРЕМИН МЕДАРО
ДРЕЛТУС
АРКТИЛСКИ ОКЕАН

ПРОВИНЦИЈА САЈНИЗЕН
МОНСЕРАТ
ЗЕБЕНСКИ ПЛАНИНИ
ЧАКИР
РЕКАТА ДУНЕС
ПРОВИНЦИЈА БРЕВИК
САМАРА
АНКА
САМЕРТОН
РЕКАТА КАМЕНВОДА
ЗОЛЈА
ЗЕБЕНСКИ ПЛАНИНИ
РЕСОН
ПОРОМИЕЛ
ЗАЛИВОТ НА МАЛЕК
ПУСТЕЛИЈАТА
ПАВИС
ПРОВИНЦИЈА КРОВЛА
КОРДИН
N
W
E
S

ПРВ ДЕЛ

Во оваа шестотини дваесет и осма година од нашето Обединување, овде се бележи дека змејовите ја спалија Аретиа до темел во согласност со Спогодбата со која се стави крај на сепаратистичкото движење. Преживеале оние кои избегале, а оние кои не избегале, остануваат заробени во гробницата на нејзините урнатини.

— Јавно известување број 628,85, транскрибирано од Серела Нилворт

ПОГЛАВЈЕ ЕДЕН

Револуцијата има необично... сладок вкус.

Се џарам во брат ми преку изгребаната дрвена маса во огромната, полна кујна во тврдината Аретиа и го јадам меденото колаче што ми го стави во чинија. Бестрага, колку е добро колачево! Ама, навистина.

Можеби ми е убаво бидејќи три дена немам ништо јадено, односно откако суштество (кое излезе дека не е баш митско, туку вистинско) ме прободе во слабината со отровното сечило од неговата кама, нешто кое инаку ќе ме убиеше. Да, ќе ме убиеше да не беше Бренан, кој додека го јадам колачето не престанува да се смешка.

Ова веројатно ќе остане запаметено како моето најнестварно искуство досега во животов. Бренан е жив. Венините, мрачните маѓепсници за кои мислев дека постојат само во сказните, се вистински. Бренан е жив. Аретиа сè уште постои, иако била спалена до темел по тирендорското востание пред шест години. Бренан е *жив*. Преку абдоменот имам најнова лузна долга речиси осум сантиметри, но не загинав. И Бренан... Бренан. Е. Жив.

„Добри колачињава, нели?“ ме прашува и брзо здиплува едно од широката и плитка чинија колачиња меѓу нас. „Некако ме потсетуваат на оние што ни ги правеше готвачката додека бевме распоредени во Калдир, помниш?“

А јас само се џарам во него и го џвакам залакот.

Бренан е толку... Бренан. Но истовремено изгледа толку поинаку од оној Бренан кој го помнам. Црвеникавокафеавата кадрава коса му е потстрижана сосем кратко, кадриците не му паѓаат како порано преку чело, а на лицето му ја нема онаа мекост која порано му ги ублажуваше цртите, сега има ситни брчки околу очите. Но онаа насмевка? Оние очи? Дефинитивно е тој.

А кога ми рече дека ќе ме однесе кај моите змејови само под услов ако каснам нешто? Најбренанското нешто што Бренан би го сторил.

Мислам, не дека на Тарн му треба нечија дозвола, што значи...

„И јас мислам дека мораш да се пошкрепиш малку.“ Главата ми ја исполнува Тарновиот тивок, арогантен глас.

„Да де, да“, одговарам исто во мислите и понатаму повторно во мислите ја барам Андарна додека крај нас ита една работничка од кујната и брзо му се насмевнува на Бренан.

Од Андарна немам одговор, но ја чувствувам онаа сјајна поврзаност меѓу нас иако повеќе не е златна како златната боја на нејзините крлушки. Не можам да добијам најјасна ментална слика за неа, но мозокот сè уште ми е малку замаглен. Андарна во моментов повторно спие, што и не ме чуди бидејќи ја троши сета своја енергија секогаш кога го сопира времето. По сето она што се случи во Ресон, веројатно просто има потреба да спие целава следна седмица или така нешто.

„Одвај збор кажа, знаеш?“ Бренан малку ја навалува главата настрана, како што правеше и порано кога се обидуваше да реши некој проблем. „Малку е морничаво.“

„Морничаво е што така ме *гледаш* додека јадам“, му возвраќам откако го голтам залакот. Гласот сè уште ми е малку зарипнат.

„Па, што?“ Ни малку виновно слегнува со рамената, широко ми се насмевнува и ми покажува дупче на образот; тоа дупче е единствениот белег од она момче од порано кој му преостанал. „Пред неколку дена, бев прилично сигурен дека веќе никогаш нема да имам можност да те гледам како правиш... па, *што било*, а не да јадеш.“ Каснува огромен залак од

колачето. Изгледа сè уште го има истиот апетит како порано, а тоа некако чудно ме теши. „Патем, повели и другпат, мислам, за тоа што те поправив. Сметај дека тоа ти е подарок од мене за твојот дваесет и први роденден.“

„Фала ти.“ А, да, бе: роденденот го минав во бессознание, сигурно тоа што лежев во постела на раб на смртта било и повеќе од драматично за сите во замоков, во куќава, како и да се нарекува оваа градба.

Во кујната влегува Боди, братучедот на Зејден. Носи униформа, раката му е во лонгета, а густата и кадрава црна коса му е тукушто потстрижана.

„Потполковнику Ашери“, вели Боди и му подава еден свиток на Бренан. „Ова само што стаса од *Басгијаш*. Ако сакате да одговорите, гласникот-јавач ќе биде овде до вечерва.“

Ми се насмевнува и повторно ми паѓа во очи колку многу личат со Зејден. Му кима со главата на брат ми и излегува.

Од *Басгијаш*? Овде има уште еден јавач од *Басгијаш*? Колку ги има?

Мислам, колкав е точно обемот на оваа револуција?

Прашањата ми експлодираат во умот побрзо одошто можам да ги срочам. „Чекај малку, потполковник си? И кој е Ашери?“ го прашувам. Да де, тоа е навистина најважното прашање што сега треба да му го поставам.

„Морав да си го сменам презимето, од очигледни причини, нели.“ Брзо ме погледнува, го крши синиот восочен печат и го отвора свитокот. „Да се чудиш колку бргу напредуваш со ранг кога надредените постојано ти гинат“, вели, па го чита писмото. Пцуе и го пика в џеб. „Сега морам на состанок со Собранието, но ти дојади ги колачињата и за половина час ќе се најдеме во предворјето за да те однесам кај твоите змејови.“ Сега веќе нема дупче на образот, го нема мојот насмеан постар брат, наместо тоа пред себе гледам маж кого речиси и не го препознавам, офицер кој ми е туѓинец. Не Бренан, туку некој непознат за мене.

Не ме чека да му одговорам, туку се оттурнува од масата. Ногалките од столот чкрипат преку подот, станува и со крупни чекори излегува од кујната.

Полека пијам млеко и замислено гледам во празниот стол спроти мене на кој седеше брат ми, столот сè уште е оттурнат од масата небаре тој во секој момент ќе се врати. Го голтам последниот залак од колачето кој ми се заглавил в грло и ја кревам брадата, решена веќе никогаш повторно да не седам вака и да не чекам брат ми да се врати од некаде.

И јас нагло се оттурнувам од столот, станувам од масата и тргнувам по него. Излегувам од кујната и тргнувам по долгиот ходник. Бренан сигурно брзал бидејќи никаде не го гледам.

Дебелиот килим со сложен дезен ми ги придушува чекорите по широкиот, високо засводен ходник кога стигнувам до... леле! Впечатливи, светнати двојни скали со китнеста ограда се издигаат три – не, четири ката над мене.

Претходно и премногу се концентрирав на брат ми за да обрнам повеќе внимание на опкружувањето, но сега нескриено зјапам во архитектурата на огромниов простор. Секое одмориште на скалите е малку понавалено во однос на одмориштето под него, небаре скалите се искачуваат токму кон планината во која е вклесана тврдинава. Утринската светлина се пробива низ десетиците прозорчиња кои се единствениот украс на петкатниот ѕид над масивните двојни врати на влезот од тврдината. Како да се дел од некој шаблон, но стојам и преблиску за да можам со поглед да ја опфатам целината.

Немам добра перспектива од страна, а вака би можел да се опише и сиот мој живот во моментов.

Двајца стражари ми го следат со поглед секој чекор, но не се помрднуваат да ме сопрат додека ги одминувам. Тоа значи дека барем не сум затвореник.

Продолжувам да чекорам по главниот ходник од куќата и на крај слушам гласови кои допираат од една соба спроти мене, чии големи и украсени врати се подотворени. Додека приоѓам до вратите, веднаш го препознавам гласот на Бренан и ме стега во градите кога ја слушам неговата добро позната боја.

„Тоа нема да успее“, одекнува Бренановиот длабок глас. „Следен предлог.“

Минувам преку огромното предворје и притоа ги игнорирам, како ми се чини, другите две крила кои водат кон лево и кон десно. Местово е извонредно. Наполу палата, наполу дом, но целосно тврдина. Токму дебелите камени ѕидови го спасиле од наводната целосна пропаст пред шест години. Според она што го имам прочитано, куќата на семејството Риорсон никогаш не била освоена од ниту една војска, дури ниту за време на трите опсади за кои знам.

Каменоѿ не ѓори. Така ми кажа Зејден. На времето Аретиа била голем град, сега само гратче, но со години веќе тивко и скришно се обновува и тоа под носот на генералот Мелгрен. Белезите, магичните ознаки што на себе ги носат децата на погубените офицери од востанието, некако ги заштитуваат

од инсигнијата на Мелгрен кога се собираат во групи од по три или повеќе души. Мелгрен не може да го види исходот од ниедна битка за која се собираат во поголем број и затоа никогаш и не можел да ги „види“ како овде се организираат за борба.

Некои делови од куќата на Риорсонови, на пример одбранбената местоположба исклесана во планината, калдрмата и двојната армирана порта ме потсетуваат на *Басгијаш*, на военото колеџ што го нарекувам свој дом уште откако таму беше поставена мајка ми како негов командант-генерал. Но, сличностите се само тие, нема други.

На ѕидовите овде има уметнички слики, а не само бисти од военои херои, а прилично сум сигурна дека она е автентична поромиелска таписерија која виси на ѕидот до кој пред отворените врати стојат Боди и Имоџен.

Имоџен става прст до усните и ми дава знак да им се придружам. Застанувам меѓу неа и Боди и забележувам дека, додека сум спиела, ја бојадисала во уште подречлива розова боја кусо потстрижаната коса од една страна, со другата страна од главата над ушите избричена. Очигледно овде ѝ е удобно. Исто и на Боди. Дека минале низ битка се забележува единствено од лонгетата во која Боди ја држи скршената рака и од исеченицата на усната на Имоџен.

„Некој мора да го каже гласно она што на сите им е очигледно“, вели еден постар маж кој носи превез преку едното око и има орловски нос, а седи на другиот крај од масата која се протега по целата должина од двокатната соба. Сиви прамени коса која почнала да се разретчува му ги врамуваат длабоките брчки на лицето со малку потемнета кожа избраздена од временските прилики, а усната му е висната, па личи на голема темна антилопа гну. Се навалува и става крупна рака врз заобленото мев.

На масата слободно можат да седат и триесет души, но од едната страна сега седат само петмина, сите облечени во црни јавачки униформи. Седат под таков агол што би морале да се свртат за да нè забележат, нешто кое не го прават. Бренан чекори наваму-натаму пред масата, но и тој не е во агол од кој би можел лесно да нè здогледа.

Срцето ми се крева в грло и сфаќам дека ќе ми треба извесно време за да се навикнам да го гледам Бренан жив. Некако, точно е ист каков што го помнам, но истовремено и поинаков. Но ете го, пред мене: жив и здрав, во моментов ја гледа картата на Континентот закачена на долгиот ѕид, карта

од која поголема сум видела само во амфитеатарот на предавањата по анализа на битки, во *Басѓијаш*.

Пред картата, со едната рака потпрен на еден огромен стол и загледан кон присутните на масата, стои Зејден.

Изгледа добро, дури и со модринките од неспиење што му ја нагрдуваат маслинестата кожа под очите. Толку проклето привлечен е, со високите јаболчици, со темните очи кои обично омекнуваат секогаш кога ќе ги сретнат моите, со лузната која му почнува од веѓата и му завршува под окото, со извиениот, светкав белег на вратот кој му завршува кај вилицата, со извиените усни кои ги познавам како своите – а, сега му го гледам само лицето. А, неговото тело? Некако, телото му го познавам уште подобро, а како тоа тело дејствува врз моето кога ме држи во прегратка додека...

Не. Одмавнувам со главата и самата се пресекувам во мислите. Зејден е преубав, моќен, неверојатно смртоносен – ова последново не би требало да ме возбудува, но сепак ме возбудува – но, не можам да имам доверба во него, да ми ја каже сета вистина за... па, за сè. А, тоа навистина ме *боли* бидејќи знам колку патетично сум вљубена во него.

„А, што им е тоа толку очигледно на сите и ти треба гласно да го кажеш, мајоре Ферис?“ прашува Зејден со тон како да му е тотално здодевно.

„Ова е состанок на Собранието“, со шепот ми објаснува Боди. „За гласање е доволно да има само петмина присутни бидејќи никогаш не се собираат истовремено сите седум члена, а за да се усвои предлог доволни се и четири гласа.“

Го запаметувам овој податок за подоцна. „Смееме ли да слушаме вака?“ прашувам тивко.

„Сите состаноци се отворени и секој може да ги следи“, исто така тивко одговара Имоџен.

„А, ние го следиме... од ходник?“ прашувам.

„Да“, одговара Имоџен без натамошни објаснувања.

„Единствен избор е да се вратат“, продолжува Орловски нос. „Во спротивно, ќе се изложи на ризик сето она што го градиме овде. Ќе наидат извиднички патроли, а ние немаме доволно јавачи за да...“

„Малку е тешко да регрутираме јавачи и истовремено да се трудиме да останеме незабележливи“, му возвраќа една ситничка жена со сјајна црна коса како на гавран, со темнокафеава кожа околу стиснатите очи со кои неодобрувачки го гледа постариот маж спроти неа.

„Да не застрануваме од темата, Триса“, вели Бренан и го стиска коренот на носот. Ист му е како носот на нашиот татко. Неверојатно е колку си личат.

„Залудно ќе ја зголемуваме бројноста ако немаме активна ковачница која ќе ги снабдува сите наши воини со оружје.“ Гласот на Орловски нос се издига над другите. „Ако не сте забележале, ни недостасува луминар.“[2]

„А до каде сме во преговорите со виконтот Текарус за неговиот луминар?“ прашува еден крупен маж со смирен глас кој како да татни додека со дланката темна како абанос се чешка по густата сребрена брада.

Виконтот Текарус? Во ниеден наварски запис не се спомнува благородничко семејство. Во нашата аристократија воопшто немаме виконти.

„Сè уште се работи на дипломатско решение“, одговара Бренан.

„Нема ниту да има. Текарус не ја заборава навредата што му ја зададовте минатото лето.“ Една постара жена градена како бојна секира остро се загледува во Зејден, а русата коса ѝ достига до квадратната алабастерна брада.

„Уште на почетокот ви реков дека виконтот никогаш нема да ни го даде“, одговара Зејден. „Човекот само *собира* предмети, не *тргува* со нив.“

„Па, сега сигурно нема да сака да *тргува* со нас“, возвраќа таа и ги стеснува очите кон него. „Особено бидејќи не сакате ниту да размислите за неговата последна понуда.“

„Со неговата последна *понуда* може слободно да одебе.“ Зејден зборува смирено, но во погледот има острина со која предизвикува кој било од присутните да се осмели да му се спротивстави. Како да им покажува на луѓево дека не вредат за неговото време, го заобиколува огромниот стол и седнува свртен кон нив, ги пружа долгите нозе и мирно ги става рацете на кадифените потпирачи за раце од страна, како да не го загрижува баш ништо.

Во просторијата се спушта тишина која кажува сè. Зејден меѓу луѓево од Собранието на револуцијата ужива исто толкава силна почит колку и меѓу сите во *Басгијат*. Не препознавам ниеден друг јавач со исклучок на Бренан, но бидејќи сите молчат, претпоставувам дека Зејден е најмоќен во салава.

2 Во овој серијал, луминар (luminary) е редок и моќен предмет кој го засилува огнот што го блујат змејовите, а со кој потоа се изработува специјална легура за сечилата на камите со кои единствено можат да се убиваат венините.

„Засега“, ме потсетува Тарн, со ароганција што му ја овозможуваат само стоте години во кои е еден од најмоќните борбени змејови на Континентот. *„Кажи им на човечките суштества да те однесат во долината откако ќе завршат со нивната политика.“*

„Поарно да има решение. Ако не успееме да ги снабдиме регрутите со доволно оружје за следната година навистина да се борат, работите и премногу ќе се сменат и ќе ја изгубиме сета надеж дека некогаш ќе можеме да ги држиме венините подалеку од нас“, забележува Сребренобрадиот. „И тогаш сето ова ќе биде залудно.“

Желудникот ми се грчи. Една година само? *Толку* ли сме блиску да изгубиме во војна за која до пред неколку дена не знаев ништо?“

„Како што веќе реков, работам на дипломатско решение за луминарот“, одговара Бренан со поостар тон, „а, сега толку застранивме од темата што не знам дали ова е истиот состанок на кој дојдов.“

„Гласам за тоа да го земеме луминарот на *Басгијат*“, предлага Борбената секира. „Ако сме толку блиску до тоа да ја изгубиме војнава, друг избор немаме.“

Зејден брзо го погледнува Бренан, не можам да му го дешифрирам погледот и нагло вдишувам кога ми станува јасно – веројатно го познава брат ми подобро и од мене.

А не ми кажуваше дека е жив. Од сите тајни кои ги криеше од мене, тајната за брат ми не можам сосем да ја проголтам.

„И? Што ќе стореше дури и да ти кажеше?“ ме прашува Тарн.

„Не ми мешај логика во емоционално размислување“, одговарам во мислите и ги прекрстувам рацете преку гради. Моето срце е она кое не сака да му дозволи на мојот ум сосем да му простам на Зејден.

„Веќе разговаравме за тоа“, вели Бренан со конечен тон. „Ако го земеме од *Басгијат*, Навар нема да може да ги надополнува залихите оружје на пунктовите на терен. Ако тие штитови паднат, ќе загинат безброј цивили. Сака некој од вас да е одговорен за тоа?“

Тишина.

„Во тој случај, се согласуваме“, вели Орловски нос. „Додека не успееме да најдеме начин да ги снабдиме новите регрути со оружје, кадетите ќе *мора* да се вратат.“

Ох.

„За нас зборуваат“, шепнувам. Значи, мислам во себе, затоа стоиме надвор од нивното видно поле.

Боди кима со главата.

„Невообичаено си тивка, Сури“, забележува Бренан и брзо погледнува кон бринетата со широки рамена, со маслинеста кожа, која има само еден сребрен прамен во косата и чиј нос на врвот се мрда како на лисица, а седи веднаш до него.

„Предлагам да ги вратиме сите освен двајца.“ Зборува со лежерност од која ме лазат морници по грбот додека таа тапка врз масата со ковчестите прсти. На едниот носи прстен со огромен смарагд кој ја одбива светлината. „Шест кадети можат да лажат исто толку добро колку осум.“

Осум.

Зејден, Гарик, Боди, Имоџен, тројцата обележани што немав можност да ги запознам пред да нè фрлат сите заедно во битка, и... јас.

Ми се накрева мачнина во грлото. Воените игри. Сега веќе требаше да го довршуваме последниот натпревар од оваа година меѓу крилата во Квадрантот на јавачите во *Басгијаш*, но наместо тоа бевме втурнати во смртоносна битка со непријател за кого до минатата седмица мислев дека постои само во народните сказни и за крај, се наоѓаме во... па, се наоѓаме овде, во град кој дури и не би требало да постои.

Тука сме, но не сме сите.

Грлото ме стега, силно трепкам за да ги потиснам солзите кои ми ги печат очиве. Солеј и Лијам не преживеаја.

Лијам. Неговата руса коса и небесносините очи ми се појавуваат во мислите и болка ми еруптира во градите. Неговата гласна смеа. Неговата брза насмевка. Неговата лојалност и добрина. Сето тоа повеќе го нема. *Него* повеќе го нема.

И само зашто му имаше ветено на Зејден дека ќе ме чува.

„Ниеден од тие осум не е заменлив, Сури.“ Сребренобрадиот се навалува на задните две ногалки од столот и внимателно ја гледа картата зад Зејден.

„А, ти што предлагаш, Феликс?“ возвраќа Сури. „Да најдеме време и да отвориме наш воен колеџ? Повеќето од нив не го завршиле образованието, во овој момент сè уште не ни се од никаква полза.“

„Божем некој од вас се прашува дали ќе се враќаме или не“, ја прекинува Зејден и сега сите го гледаат и слушаат

само него. „Ќе го прифатиме советот од ова Собрание, но ќе го примиме само како тоа што е: *совет*.“

„Не можеме да си дозволиме да го ризикуваш животот“, се буни Сури кон него.

„Мојот живот е исто толку важен колку и животот на секој од нив“, вели Зејден и покажува кон нас.

Очите на Бренан се среќаваат со моите, а потоа се шират додека ме гледа.

Сите глави во просторијата се вртат кон нас. Се борам против поривот да отстапам неколку чекори додека речиси секој од присутните ме загледува низ стиснати очи.

Кого гледаат? Ќерката на Лилит или сестрата на Бренан?

Ја кревам брадата бидејќи сум и едното и другото... но, истовремено не се чувствувам како ниедно од тие две.

„Не на секој“, вели Сури додека ме гледа само мене.

Оф. „Како си можел да стоиш таму и да ѝ дозволиш да го прислушкува разговорот на собранието?“

„Ако не сте сакале да ве слушне, сте требало да ја затворите вратата“, одговара Боди и влегува во салата.

„Не смее да ѝ се верува!“ Можеби образите ѝ заруменија од бес, но во очите ѝ гледам страв.

„Зејден веќе презеде одговорност за неа.“ Имоџен зачекорува до мене, малку поблиску. „Колку и да е брутален тој обичај.“

Брзо го среќавам Зејденовиот поглед. За што зборува Имоџен, да му се сневиди?

„Сè уште не ми е јасна конкретно таа одлука“, додава Орловски нос.

„Одлуката беше едноставна, таа вреди колку десет вакви како мене“, вели Зејден, а мене ми сопира здивот од интензитетот во неговиот поглед. Да не го познавам подобро, би рекла дека го мисли тоа што го зборува. „Притоа не мислам на нејзината инсигнија. И онака отпосле ќе ѝ раскажев сè за што се зборува овде, така што е безначајно дали вратата била отворена или не.“

Во гради ми се распламтува искра надеж. Можеби навистина веќе нема да чува тајни пред мене.

„Ќерка ѝ е на генералката Соренгејл“, укажува Борбената секира, со јасна нота на фрустрираност во гласот.

„Да, а јас сум ѝ син на истата генералка“, се буни Бренан.

„Но ти во изминативе шест години и тоа како ја докажа лојалноста кон нас“, вика Борбената секира. „Таа не!“

Вратот ми зоврива од бес, врелината ми се качува в лице. Луѓево зборуваат за мене како дури и да не сум присутна да ги слушам.

„Во Ресон се бореше на наша страна.“ Телото на Боди му се напнува додека истовремено и тој го повишува тонот.

„Треба да ја затвориме.“ Лицето на Сури се вцрвува како жар кога се оттурнува од масата и станува, а погледот ѝ паѓа врз моите сребрени прамени јасно видливи во плетенката цврсто сплетена околу глава. „Може да нѐ уништи сите со она што веќе го знае.“

„Се согласувам.“ На Сури ѝ се придружува и Орловски нос, со дури опиплива одбивност во погледот кон мене. „И премногу е опасна за да не ја затвориме.“

Ми се стегаат мускулите на стомакот, но на лицето местам маска како што претходно безброј пати сум го гледала Зејден да прави. Рацете ми се опуштени до телото, дланките блиску до камите во футролите. Можеби телото ми е слабичко, зглобовите недоверливи, но смртоносно прецизно нишанам и гаѓам со моите ками. Нема шанси, бестрага, да им дозволам да ме пикнат зад решетки на ова место.

Прелетувам со поглед преку членовите на Собранието и притоа проценувам кој од нив ми е најголемата закана.

Бренан станува и се исправа во полна висина. „Иако сите знаеме дека е поврзана со Тарн, кој со секој свој следен јавач се поврзува сѐ подлабоко и посилно, а кој со претходниот јавач бил толку силно поврзан што за малку ќе умрел по смртта на Наолин? Иако сите знаеме колку стравуваме дека Тарн ќе умре ако умре и таа сега? Иако сите знаеме дека, поради ова, и животот на Риорсон е поврзан со нејзиниот?“ Кима со главата кон Зејден.

На јазикот чувствувам горчлив вкус на разочараност. Само тоа ли сум јас за него? Слабоста на Зејден?

„Лично сум одговорен за Вајолет.“ Зејден го спушта тонот и сега во него има чиста злоба. „Ако не сум доволен, не еден, туку *два* змеја веќе се заложија за нејзиниот интегритет.“

Е па, сега е доста.

„*Таа* за која сега зборувате стои пред вас“, отсекувам и не се гордеам од тоа колкаво задоволство ме обзема кога сите